**Даворин Трпески (Скопје, Македонија)**

## Сфаќањето на традицијата и на етничките карактеристики и нивната употреба во предизборната кампања

*Айсшракш:* Во текстот станува збор на традицијата и за етничките карактеристики како основни елементи кои се користат од страна на политичките партии во политичките предизборни кампањи. Впрочем, секоја етничка група има своја традиција, чии кодови остануваат и понатаму да егзистираат и да функционираат, потпомогани, главно, од политичките центри на моќ.

*Клучни зборови:* традиција, традитуми, етнички карактеристики, етнички групи, шовинизам, национализам.

Може да се рече дека традицијата, го има најзначајното место во рамките на предизборните кампањи. Тоа е, пред сé, поради фактот што човекот, едноставно, многу грижливо, со пиетет и страхопочит се однесува кон сето она што се нарекува наследство од предците. Традицијата претставува специфичен начин на пренесување на културата и на елементите на културата во одредена заедница, кој се остварува непосредно, од генерација на генерација. Традитумите, поединечните содржини кои на устен или на некој поинаков начин се пренесуваат од генерација на генерација меѓу припадниците на некоја заедница, исто така влегуваат во содржината на поимот на *шрадицијаша*. Со тој поим, или со поимот традициска култура, се означува и типот на културата: збир на верувања, вредности, симболи, правила на однесување и техники на производство кои се пренесуваат со усно предавање и чие постоење се одржува и оправдува со повикувањето на минатото (Наумовић, 4).

Во традицијата можат да се вбројат и оние елементи кои ја кочат модернизацијата, потоа оние кои се спротивставуваат на промените и во чие име тие промени се осудуваат. Според Слободан Наумовиќ (Наумовић, 5), постојат вистински и измислени традиции. Најважна карактеристика на вистинските традиции е историскиот континуитет кој е реално постоечки, додека пак измислените традиции претставуваат свесно создадени облици на однесување од ритуална или од симболичка природа, кои благодарение на своето повторување успеваат да всадат одредени вредности и норми, истовремено воспоставувајќи фиктивен континуитет со историското минато. Но, меѓу поединечните случаи на остварување на општото начело на континуитет може да се вклопи и националната традиција, а тоа е вкупното историско, материјално и духовно наследство кое претходната генерација од некоја национална заедница ѝ го оставила на помладата генерација. Во таа смисла може да се зборува за француска, англиска, руска или за македонска традиција.

Според Бронислав Малиновски (Малиновски 1971 : 49-50), традицијата е од најголемо значење за заедницата и ништо не се смета за толку значајно колку што е таа. Редот и цивилизацијата можат да се одржат само со строго придржување до знаењето на претходните генерации. Секое попуштање го слабее единството на групата и ја загрозува нејзината култура до толкава мера што може ѝ да претставува закана на нејзиниот понатамошен опстанок.

По настапувањето на плурализмот во поранешната Југославија, заборавената и забранета традиција, како и националните симболи, започнаа да воскреснуваат. Набрзо се прифати идеалот за обединување во национални држави, се пристапи кон митологизирање на државата, се протежираше традиционалноста и патријархалноста, а се обновија и многу култови од

националната историја. Овие тенденции придонесоа за интензивирање на националните чувства и за појава на национализмот. Тоа, пак, доведе до политички борби во рамките на монолитниот социјализам со носителите на централната власт и централистичките концепции. Настапи крајно зајакнување на националните елити, кои со помош на националистичките идеи успеваа да придобијат најголем дел од електоратот. И статистиката може да го потврди тоа дека најголем број од пратениците во првиот македонски Парламент беа од редовите на десно ориентираните политички партии (најмногу пратенички места на парламентарните избори од 1990 година имаше партијата ВМРО-ДПМНЕ). Уште пред воспоставувањето на посттоталитаристичката власт во Македонија, а уште повеќе по издвојувањето на Македонија од составот на тогашна Југославија, започнаа да се јавуваат сѐ поизразено националните чувства и идеологијата за национализмот. Тоа, пак, значеше и поизразен конзервативизам кај луѓето и сѐ поголемо верување во традицијата. Целата оваа појава, којашто се јавува скоро во сите постсоцијалистички општества, Дуња Рихтман-Аугуштин ја објаснува како единствен одговор и реакција на тоталитаризмот што го притискал и го пригушувал локалното и индивидуалното изразување (Rihtman-Auguštin 2000 : 27).

Заедно со традицијата, значајно место при идентификувањето на етничката група (етнијата), исто така имаат и етничките карактеристики. Етничката група претставува посебен вид на културен колектив, кој става нагласок на улогата на митовите за лозата и на историските сеќавања и се препознава по една или повеќе културни разлики, на пример, по верата, обичаите, јазикот или по институциите. Ваквите колективитети се историски, не само затоа што историските сеќавања се неопходни за нивното понатамошно постоење туку и во смисла што секоја таква етничка група е производ на посебните историски сили, па оттука подлежат на историски промени и распаѓање (Smit 1998 : 39).

Според Фредерик Барт (Putinja, Stref-Fenar 1997 : 215-216), изразот *етничка група* се употребува за да се означи одредена популација која:

- биолошки се одржува;
- има заеднички основни културни вредности кои се остваруваат во единствени културни форми;
- претставува простор за комуникации и интеракции, и
- претставува збир на членови кои себеси се идентификуваат, но и од другите се идентификувани како категорија која се разликува од останатите.

Антони Д. Смит (Smit 1998 : 40-41), пак, наведува шест атрибути со кои може да се дефинира етничката заедница:

- колективно сопствено име;
- мит за заедничките предци;
- заедничко историско минато;
- еден или повеќе диференцирачки елементи за заедничката култура;
- поврзаност со одредена татковина, и
- чувство за солидарност кај дел од популацијата.

Кон тоа Антони Д. Смит го придодава и фактот дека колку повеќе дадената популација поседува од наведениве, стекнати атрибути, толку повеќе се приближува до идеалниот тип на етничка заедница или етнија.

При реконструкцијата на етногенезата и етничката историја на одредена етничка група, етничкиот континуитет има мошне важна улога. Докажувањето на етничкиот континуитет на една група често е во функција на етноцентричните теории и идеологии, кои настојуваат да го докажат културниот, просторниот или историски примат и доминацијата на една група над друга. Етноцентризмот, пак, се формира врз основа на предрасудите во врска со сопствената или туѓата група и се јавува во форма на националшовинизам или извртен национализам (Petrović 1990 : 19).

Во постарите и поразвиени западни држави, кои располагаат со моќни бирократски апарати и развиени економски системи, се појавиле и услови за создавање конфликт помеѓу владејачкиот слој од една и елитното граѓанство од друга страна. За револуционерно соборување на режимите кои ги презирале, вторите немале ни услови ни доволно сили, па основниот начин за изразување на револтот бил со трансформација и обединување на класата на која и припаѓале, која со својата просветителска улога ќе може да се спознае самата себе и да го стекне својот вистински идентитет и сигурност. Преку создадената заедница, нејзините членови настојувале да стекнат сигурност, легитимност, авторитет и компензација за својот труд (Prošić-Dvornić 1990 : 28-29). Така, во антрополошката наука се докажало дека етнонационалните движења не настануваат спонтано, туку дека мораат да бидат поттикнати од свесното дејствување на одредена група луѓе, кои борејќи се за подобрување или потврдување на сопствената положба, се залагаат за ревитализација или реформа на својата заедница, што повторно е мотивирано со одредена цел.

Со будењето на етничките чувства и солидарноста, под поволни околности, се постигнува висок степен на мобилизација. Токму поради ова, иницијаторите ги воспоставуваат сите други поделби во рамките на заедницата, овозможувајќи му на секој слој да ги задоволи своите посебни интереси и потреби, а со тоа да воспостави и тесна врска помеѓу елитите и масите. Користењето, пак, на етносот и етничноста, заедно со традицијата и идентитетот, како еден вид стратегија насочена кон остварување на одредена цел, придонело за тоа во модерното време одредени елити да добијат на значење со тоа што од културни и социјални групации прераснале во економски и политички ентитети (Prošić-Dvornić 1990 : 30-31).

И фолклорот, според Иван Чоловиќ (Čolović 1994 : 88), е едно од средствата за будење и обликување на националната свест. Скован од граѓата на животот и на културата на народите, фолклорот се враќа преобразен и се сместува во ризницата на националните вредности. Исто така, фолклорот им служи на политичките проекти и на политичката власт да се легитимираат во очите на народот, но и пред меѓународната јавност. Говорниците се повикуваат на народната традиција и се потпираат врз нивната симболичка идентификувачка вредност. Сето тоа го прават со цел да ја зголемат автентичноста и легитимноста на движењето за национална независнот или со цел да ја потврдат и да ја поткрепат волјата и правото на различните етнички групи да живеат заедно, да се обединат во заедничка национална држава. Во првиот случај, тие се спротивставуваат со цел во прв план да го истаканат алтеритетот, различноста на одредени народни традиции во однос на народната култура на нивните соседи од кои сакаат политички да се издвојат; наспроти тоа, во другиот случај, нагласокот се става на сличноста на народната култура на различните етнички заедници, со што се докажува основаноста за нивното политичко обединување.

Во политичката предизборна кампања на локалните избори во 2000 година во Република Македонија, политичките говорници многу желно и вешто

посегнуваа по традицијата и фолклорните форми. Основната функција на фолклорните форми и на темите од традицијата во новиот политички говор е таа што тие сугерираат на една идеја на пораки и емоции. Во одредени случаи, политичарите ја искажуваат и својата едноставност пред граѓаните, притоа навраќајќи се на блиското минато со евоцирање на спомените: "Припаѓам на една генерација, која, за жал, не ги памети убавините на предземјотресно Скопје, генерација која за Офицерскиот дом или за градската... покрај Вардар, за корзото пред *Кенан* знае само од кажувањата на постарите. Спомените на мојата генерација се поврзани со некои други нешта: со првата боза кај *Апче*, ќебапчињата кај *Дестан*, со првата пица во *Менада*, Фуфо подоцна се појави. Со неделните излети заедно со своите родители во Сарај или возбудувањата што ни́ ги овозможуваше штотуку изградениот луна парк. Се сеќавам уште и денес на оние маратонски баскет-партии, било кај *Алумина*, било кај *Браќа Рибар* и уште подолгите чекања навечер да се влезе во *Мусандра* или во *Турист* со задолжителниот триксон пред врата. Собиралиштето на мојата генерација беше пред *Ванила*. Таму знаевме и умеевме со саати да стоиме во место, да грицкаме семки и да им свиркаме на девојчињата кои поминуваа покрај нас. Старата чаршија ја паметиме по *Јурис*, по *Панда*, по бутикот *Лонѕа*, по *Македонска куќа*. Своите навивачки страсти му ги подарувавме на *Вардар* во фудбал, без резерва, а во кошарката, богами, ги делевме помеѓу *Работнички* и *МЗТ Скопје*. Во *Скопје* ја доживеав мојата прва голема љубов и моето прво големо разочарување во љубовта или, по скопски кажано да се изразам, првата тешка корпа што ја добив. Во Скопје го стекнав образованието, првото вработување. Тука ми живеат родителите, тука се оженив, тука ми се родија децата. И што е најинтересно, дури и дел од жестоките критики на моите политички противници се повторно поврзани со Скопје, бидејќи сакаат да ме нарекуваат скопски мангуп што финтите и триковите научени од скопскиот асфалт сака да ги применува во високата политика. Со еден збор, Скопје е мојот град. Сум посетил и видел многу поубави, подобро уредени, пораскошни и побогати градови, меѓутоа никаде не се чувствувам толку свој, толку дома, толку сигурен како во Скопје." (АЗЕ 2000 : В.1 стр. 4)

*Литература*

Наумовић

**Слободан Наумовић**:

Од идеје обнове до праксе употребе, Оглед о односу политике и традиције на примеру савремене Србије,

www.rastko.org.yu/ antropologija/snaumovic_od_ideje.pdf

**Бронислав Малиновски**:

Магија, наука и религија, Београд, 1971

**Dunja Rihtman - Auguštin**:

Ulice moga grada, Beograd, 2000

**Antoni D. Smit**:

Nacionalni identitet, XX vek, Beograd, 1997

**Edit Petrović:**

Etnički kontinuitet i etnocentrizam, Etnoantropološki problemi, sv. 8, Beograd, 1990

**Ivan Čolović**:

Bordel ratnika, Folklor, politika i rat, XX vek, Beograd, 1994

**Mirjana Prošić - Dvornić**:

Etnos i strategija, Etnoantropološki problemi, sv. 7, Beograd, 1990

**Filip Putinja, Žoslin Stref - Fenar**:

Teorije o etnicitetu, dodatak: Frederik Bart, Etničke grupe i njihove granice, XX vek, Beograd, 1997

Архив на заводот за етнологија: од говорот на Бранко Црвенковски на предизборната конвенција: "Пенов за Скопје", скопско Кале, 21 август 2000 година, видеолента број 1, стр. 4